ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-53/7

Дата: 26.02.2014

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме на резултатите

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност која се однесува на активностите поврзани со оценка на ризиците и можностите за подобрување на ефикасноста во планирањето и организирањето на заштитата и развојот на националните паркови во Република Македонија, опременоста и раководењето со Националните паркови во Република Македонија, кадровската екипираност, финансиски средства како и мерките и активностите за заштита и развој на националните паркови.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2013 година на тема „Ефикасност на мерки, политики и проекти за заштита и развој на националните паркови во Република Македонија“.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да одговори на прашањето **“Дали надлежните институции во Република Македонија преземаат активности, мерки и политики со цел заштита и развој на Националните паркови Пелистер, Маврово и Галичица** и да даде оценка за ефикасноста на преземените политики, мерки и активности за заштита и развој на националните паркови, националната регулатива, планирањето и организирањето на заштитата на природата, политиките на надлежните институции за реализација на поставените цели, координацијата помеѓу надлежните институции за заштита на природата во Република Македонија, кадровскиот потенцијал, опременоста и финансиски средства за остварување на целите, преземените мерки и активности во функција на ефикасна заштита на националните паркови во Република Македонија.

Респектирајќи ги постоечките активности, мерки и резултати кои се реализираат во заштитата и развојот на природата во националните паркови во Република

Македонија од страна на надлежните институции, на мислење сме дека со донесување и усогласување на законската односно подзаконската регулатива, зајакнување, подобрување, надградба на постоечките институционални капацитети кадровски, финансиски, материјално технички, подобрување на взаемната комуникација, соработка и координација помеѓу надлежните институции за заштита на природата во националните паркови во Република Македонија, ќе се зголемат можностите и условите за поефикасно заштита на природата и подобрување на севкупните состојби во наведената област.

При спроведувањето на ревизијата се фокусиравме на оценка на ризиците и можностите за подобрување на функционирањето на јавните установи, заради ефикасно извршување на заштитата и развојот на националните паркови и тоа од аспект на повеќе откриени ризици односно ризични области:

- законска регулатива од областа заштита на природата,
- формирање, организација, надлежност и функционирање на институциите, надлежни во областа,
- кадровска екипираност, опременост и средства за финансирање на националните паркови и заштита на природата,
- просторни планови, надзор и контрола на националните паркови и
- мерки и активности за развој и заштита на националните паркови во Република Македонија.

Активностите на ревизијата на успешност имаат за цел да помогнат наредните процеси и активности на МЖСПП, Јавните усанови и надлежните институции за заштита на природата, да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за заштита и развој на националните паркови.

На ден 20.12.2013 година во просториите на Државниот завод за ревизија одржан е завршен состанок, со цел запознавање на субјектите со основните оценки и препораки произлезени од извршената ревизија и беше искажано уверување од страна на претставниците на субјектите дека ревизорските оценки и препораки се правилно разбрани.
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Состојбите кои се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица во МЖСПП, Јавните установи, Владата на РМ, треба да ги спроведат.
Периодот кој беше опфатен со ревизијата е определен на 2011 – 2013 година (заклучно со октомври 2013 година), иако се дадени состојби и настани кои се случиле и претходно и последователно односно до денот на известување од извршената ревизија. Посочената активност досега не била предмет на вршење на ревизија на успешност.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби:

- потреба од донесувањето на **Националната стратегија за заштита на природата**, која ќе придонесе за креирање на политики, мерки и приоритети за заштита на природата во националните паркови во РМ, за поефикасна имплементација на националната легислатива како и за реализацијата на обврските на Република Македонија кои произлегуваат од меѓународните ратификувани документи од областа на заштита на природата
- отсуство на активности од страна на **Националниот совет**, како советодавно тело на министерот за МЖСПП, во насока на реализацијата на целите за следење, остварување и унапредување на заштитата на природата и користењето на природното богатство.
- **Методологијата за мониторинг на состојбата на природата** со која се овозможува следење, оцена и контрола на состојбата на природата како и поголема заштита на природата во РМ, не е изработена и донесена од страна на МЖСПП;
- ненавременото донесување на **подзаконски акти** создава ризици за непречено интегралното управување со заштитените подрачја, влијание врз условите за квалитетно вршење на дејноста од јавен интерес во јавните установи кои управуваат со националните паркови, како и врз ефективното и ефикасното спроведување на Законот за заштита на природата.
- **земјиштето во националните паркови** е во државна сопственост и за дел од истото е дадено на правото на користење на јавните установи,
- во јавните установи не е воспоставено ажурирана **евиденција на земјиштето** во границите на националните паркови, на парцелите во нивниот состав, нема целосни податоци кои од катастарските парцели се во државна, а кои се во приватна сопственост;
- состојбата со **кадровската екипираност**, односно бројот на вработените инволвирани во реализација на активностите за заштита на природата во Управата за животна средина, Државниот инспекторат за животна средина и во јавните установи Пелистер, Маврово и Галичица не ги задоволува реалните потреби;
- со поголем дел од субјектите кои вршат дејност во границите на националните паркови не се **склучени спогодби** за регулирани права и обврски, не се остваруваат средства по наведениот основ, со што постои ризик од непримена на сите мерки за заштита на просторот кој се користи
- во насока на **развој на туризмот во националните паркови во РМ,** Владата на РМ превзема активности со чија реализацијата ќе се даде придонес кон поголема афирмација и развој на националните паркови во РМ, при тоа водејќи грижа за нивно одржливо користење, со цел да се зачуваат и за идните генерации.

Дадовме и **препораки** кои во најголема мерка зависат од активностите на Владата на РМ, МЖСПП, Јавните установи и надлежните институции за заштита на природата, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на условите за ефикасна заштита и развој на националните паркови во РМ.

Иако е постигнат напредок во поглед на создавање на услови за воспоставување на мрежата на заштитени подрачја, сеуште постои потреба од поголемо разбирање за економската вредност на заштитените подрачја - националните паркови од страна на сите планери и носители на одлуки, што треба да резултира со соодветни политики и инструменти за понатамошен развој на истите, како и потребата од економски поттик за сите заинтересирани правни субјекти за инвестирање во развојот и заштитата на националните паркови.



***Ревизорска екипа***

*1.* ______________________

*2.* ______________________

*3.* ______________________

***Овластен државен ревизор***

______________________